РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANADALIM TË KORRUPSIONIT
Бр.-Nr. 09 - 4704/3
22-05-2020 20 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по пријава со наводи за постоење на судир на интереси од познат подносител, на 30та седница одржана на ден 18.05. 2020 донесе

**О д л у к а**

Пријавата за покренување постапка за утврдување состојба судир на интереси со бр. 09-4704/1 од 15.10.2019 година доставена од познат подносител СЕ ОТФРЛА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за надлежно постапување по предметот со број 09-4704/1 од 15.10.2019 година, поради тоа истиот да се затвори и архивира.

О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 09-4704/1 од 15.10.2019 година е оформен врз основа на пријава доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата, со наводи дека во едно ООУ во Велес, едно лице е член на училишен одбор, а била избрана и за Претседател на СОНК на училиштето, наведувајќи дека со извршувањето на овие две функции- член на училишен одбор и претседател на СОНК на училиштето лицето се наоѓа во состојба на судир на интереси.

При разгледувањето на содржината на пријавата, Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека наводите во пријавата не се однесуваат на можност за постоење на состојба на судир на интереси, затоа што функцијата Претседател на СОНК на училиште како што е пријавено не претставува јавна функција.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Изработил: Ема Нешковска, соработник
Одобрил: м-р Шемши Салаи, член на ДКСК


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk